Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-1035/3
21-11 2009 год.
СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **До:** | Кабинет на министерот<br>Министер<br>Др. Нецати Јакупи |
| **Предмет:** | Достава на Извештај |
| **Врска:** | Наш број 11-1035/1 од 02.02.2009 год. |

Почитуван,

Во прилог Ви го доставуваме Извештајот на комисијата и Извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Крива Паланка област со ветерни турбини" на инвеститорите "ВИСТА Груп" и "ИНВАЛЛ Мацедониа" со седиште на ул. "Капиштец" бр.1А од Скопје, во соработка со ИНВАЛЛ СА со седиште во Шпанија, изготвен од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Проектот: "Крива Паланка - област со ветерни турбини".

Со почит,

**Зоран Бошев**
**Раководител на одделение за**
**оцена на влијанието врз животната средина**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Проектот: "Крива Паланка област со ветерни турбини"

бул. Гоце Делчев бб, кат 11,1000 Скопје тел. 02 3213 194 , тел/факс 02 3220 165
e-mail: infoeko@moepp.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-1035/3
21.11.2009 год.
СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **До:** | Кабинет на министерот<br>Министер<br>Др. Нeџати Јакупи |
| **Предмет:** | Заклучок на извештај |
| **Врска:** | Наш број 11-1035/1 од 02.02.2009 год. |

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08 и 83/09) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Крива Паланка област со ветерни турбини, на ден 16.11.2009 година изготви

**ИЗВЕШТАЈ**

за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот "Крива Паланка област со ветерни турбини"

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Крива Паланка област со ветерни турбини, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: Крива Паланка област со ветерни турбини, изработена од "ЕМПИРА - ЕМС", со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина М-р Константин Сидеровски за потребите на инвеститорот "INVALL Macedonia" од Скопје, оцени дека со предлог проектот инвеститорот предвидува инсталирање на 50 ветерни турбини од класа 3MW. Целта на овој проект е воспоставување на фарма на ветер со вкупна моќност од 150MW, а ориентацијата на фармата на ветер е во правец исток – запад, на подрачје кое опфаќа сегменти на планините: Козјак, Герман и Билино. Турбините ќе бидат лоцирани во групи, во три географски секции во рамките локацијата, и тоа:

- Секција 1 – потег локалитет Вирови – локалитет Бел Камен
- Секција 2 – потег локалитет Табла – локалитет Герман
- Секција 3 – потег локалитет Герман – локалитет Стража

Ветерот е обновлив извор на енергија, поради што овие проекти се нарекуваат “зелени проекти” кои не предизвикува загадување на животната средина и природата. Покрај заштитата на животната средина овој проект ќе допринесе во намалување на зависноста од увоз на електрична енергија.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Крива Паланка област со ветерни турбини, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: Фарма на ветер - Крива Паланка, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

**Комисија:**

1. Зоран Бошев ____________
2. Билјана Спироска ____________
3. Васил Атанасовски ____________
4. Илбер Мирта ____________
5. Сокол Клинчаров ____________
6. Фатос Балиу ____________
7. Даниела Стефкова ____________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Крива Паланка област со ветерни турбини.